АЕК
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 5, а во врска со членовите 79, 80 и 81 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018 и 21/2018), директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 17.05.2019 донесе

# О Д Л У К А

## за изменување на Одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подлежни на претходна регулација

Член 1

Во Одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подлежни на претходна регулација број 02-5015/1 од 23.09.2010 година, број 02-2010/2 од 15.04.2011 година, број 0307-1276/2 од 07.05.2014 година, број 0201-1476/7 од 15.12.2014 година, број 1306-252/2 од 20.01.2016 година, број 1303-690/10 од 19.04.2016 година, број 1302-1322/2 од 11.04.2017 година и број 1302-326/4 од 23.03.2018 година, во член 3 точките 1, 3 и 10 се бришат.

Во член 3 од истата Одлука потточките 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, и 10 стануваат потточки 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во "Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на членовите 79, 80 и 81 од Законот за електронските комуникации, Агенцијата за електронски комуникации изврши анализа на релевантните пазари за:

- услуга за започнување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација
- услуга за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација

- услуга за транзитирање во јавна фиксна телефонска мрежа и
- услуги за завршување на смс во јавни мобилни комуникациски мрежи.

Во финалните документи од анализата на пазарите за услуга за започнување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација донесен под број 1302-1354/2 од 22.04.2019 година, услуги за завршување на смс во јавни мобилни комуникациски мрежи донесен под број 1302-99/4 од 02.03.2018 година и услуга за транзитирање во јавна фиксна телефонска мрежа донесен под број 1302-244/5 од 19.04.2019 година, е утврдено дека овие релевантни големопродажни пазари повеќе не го исполнуваат тестот на три критериуми, со што истите не ги исполнуваат условите да продолжат и понатаму да бидат дел од релевантните пазари подлежни на претходна регулација. Според заклучоците овие релевантни пазари се бришат.

Согласно заклучоците од Финалниот документ за анализата за услуга за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација, донесен под број 1302-728/3 од 19.04.2019, овој релевантен пазар останува регулиран.

Со оглед на сето ова погоре наведено, а врз основа на членот 24 став (1) алинеја 5 од Законот за електронските комуникации, директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе одлука како во диспозитивот.

Раководител на одделение за анализа на пазари
Марјан Пејовски

Раководител на Сектор за регулатива
Кристина Божиновска

Советник на директорот за регулатива (по овластување)
Синиша Апостолоски

**Директор**
**Сашо Димитријоски**

Наш број:1302-244/7
Скопје,17.05.2019 година